АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202-12357/10
28.12.2020 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 100 -та редовна седница одржана на ден 28.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Дополнителните услови за колективно осигурување на работници од последици на несреќен случај (незгода)**

(1) Се вршат измени и дополнувања на Дополнителните услови за колективно осигурување на работници од последици на несреќен случај (незгода), и тоа:

**1. Во членот 5, во ставот (2),** зборовите „ ... договори и осигурена сума за случај на смрт поради болест...“ се заменуваат со зборовите „ договорат и осигурени суми за други последици од несреќен случај.“

**2. Се додава нов член со број 6,** по членот 5, со следниот наслов, текст и содржина:

**„ Осигурување за случај на смрт поради сообраќајна незгода**
**Член 6**

(1) Сообраќајна незгода во смисла на овие услови се смета настан во јавниот сообраќај на патот во кој директно учествувало најмалку едно возило во движење и осигуреникот во својство на возач, патник или пешак и во кој настан, возилото дејствувајќи директно однадвор и нагло на телото на осигуреникот ја причинило неговата смрт.

(2) За сообраќајна незгода не се смета настанот во кој мобилна машина, мотокултиватор, трактор или запрежно возило кое се движи по некатегоризиран пат или при вршење на работи во движење, слетало од некатегоризираниот пат или се превртело, односно удрило во некоја природна препрека.

(3) Осигурувачот нема обврска за случај на смрт на осигуреникот поради сообраќајна незгода, ако несреќниот случај настанал за време на употреба на возилото како последица на настан кој нема обележје на сообраќајна незгода.“

**3. Броевите на членовите 6,7,8,9 и 10 редоследно се менуваат во 7,8,9,10 и 11;**

**4. Во членот 6:**
**4.1. Ставот (1) се менува и гласи:**

„ (1) Во случај на смрт на осигуреникот поради несреќен случај (вклучувајќи и смрт поради сообракајна незгода), покрај договорената осигурена сума за случај на смрт, доколку е вклучено и осигурување на други последици за случај на смрт од несреќен случај, осигурувачот е должен да исплати:

1.трошоци за погребот на осигуреникот според доставените сметки, но не повеќе од осигурената сума за трошоци за погреб;

2. трошоци за оставинската постапка кај надлежен орган според доставените сметки;

3. трошоци за кредити- обврски на осигуреникот за плаќање на рати кон банка или штедилница по договор за кредит или кон финансиски друштва по договор за лизинг , што пристигнуваат за плаќање по смртта на осигуреникот, а врз основа на договорот, амортизациониот план и извештај за соостојбата на кредитот односно на договорот за лизинг во време на смртта, најмногу до осигурената сума за случај на трошоци по кредит;

4. осигурената сума за образование, доколку осигуреникот во време на смртта имал едно или повеќе деца на возраст од 14 до 26 години, кое има статус на редовен ученик во средно училиште односно на редовен студент на факултет, што се докажува со соодветна легитимација и потврда од образовната установа.“

**4.2. Ставот (2) се менува и гласи:**

„(2) Во случај на смрт на осигуреникот поради сообраќајна незгода, осигурувачот ја исплатува само осигурената сума за смрт од сообраќајна незгода, ако е договорена како посебен ризик во полисата.“ ;

**4.3 Ставот (3) во целост се брише.**

**4.4. Броевите на ставовите (4), (5) и (6)** редоследно се менуваат во (3), (4) и (5).

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Дополнителните услови за колективно осигурување на работници од последици на несреќен случај (незгода).

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од 01.01.2021 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**

Претседател

м-р Марија Томеска